ООУ “Свети Кирил и Методиј”, Центар – Скопје

# КУЌЕН РЕД

## НАСТАВА

Наставата во училиштето се изведува во една смена, во прво, второ и трето одделение е целодневна настава, во четврто и петто одделение е продолжен престој и од шестто до деветто одделение е прва смена.

Наставата започнува во 08:00 часот.

Во училиштето треба да се пристигне 10 минути пред почетокот на часот.

За учениците кои имаат потешкотии во учењето се организира дополнителна настава, а за учениците кои постигнуваат повисоки резултати, по одделни предмети се организира додатна настава.

## ОДМОРИ

Големиот одмор е по вториот час (од 09:25 часот до 09:50 часот), а малите одмори помеѓу часовите траат по 5 минути.

За време на одморот забрането е одење дома или продавници далеку од училиштето.

Учениците на големиот одмор може да ја користат училишната кујна за исхрана.

Нарушување на правилата за време на одморите повлекува изрекување на соодветна педагошка мерка.

## ИЗОСТАНОЦИ

На настава треба да се доаѓа на време и редовно. Отсуствувањето мора да биде оправтано со медицинска белешка и родител. Ако има потреба да се отсуствува по одреден наставен час, тоа однапред треба да се договори со предметниот наставник или со одделенскиот раководител.

Изостанувањето од наставата кое не е оправдано со медицинска белешка и родител ќе се евидентира како неоправдано. За поголем број неоправдани изостаноци предвидени се соодветни педагошки мерки.

## УЖИНКА

За време на ужината треба да се запазува редот и дисциплината во училницата, а амбалажата и отпадоците да се соберат и фрлат во корпа за отпадоци.

## ДЕЖУРСТВО

На влезната врата дежураат ученици од петто до деветто одделение. Дежурството се изведува по однапред утврден редослед и со дефинирани обврски (да се идентификуваат сите лица кои влегуваат во училиштето и да ги упатат до потребното место). Тоа е организирано и надгледувано од дежурниот наставник кои ги дава сите потребни упатства.

## РЕД И ХИГИЕНА

Секое одделение има свој дежурен ученик кој одговара за редот и хигиената во училницата. По секој наставен час, дежурниот ученик ја брише таблата, ја проветрува училницата и ги подредува клупите и столчињата. На наставникот мора да му ги пријави сите недостатоци за време на наставата и одморите.

Посебно треба да се внимава на редот и хигиената во санитарните чворови.

Сите најдени предмети се пријавуваат и се оставаат кај вработените што ја одржуваат хигиената во училиштето.

## СОРАБОТКА СО РОДИТЕЛИ

Соработката меѓу родителите и наставниците се одвива на приемните денови.

Во текот на годината се предвидува да се одржат најмалку четири родителски средби.

За секоја направена штета во училиштето од страна на ученик, ја плаќа родителот (старателот).

Родителите да не се задржуваат подолг период во училишниот двор и во училишната зграда, како би се запазил редот и дисциплината.

## ЕКСКУРЗИИ И АКЦИИ

Во текот на годината се организираат две еднодвневни рекреативни екскурзии, повеќедневни во петто, шесто и девето одделение.

Во училиштето се организираат и собирни акции, акции за уредување на училницата и други делови во училиштето и училишниот двор.

## УЧИЛИШТЕН КАЛЕНДАР

Училиштето во текот на учебната година реализира најмалку 180 наставни денови. Секој наставен ден од било кои причини кој не се одржал се одработува после 10ти јуни ( се продолжува наставната година ). Во согласност со Годишната програма за работи на училиштето предвидени се за одбележување и празнување неколку значајни датуми што произлегуваат од Законот за празници на Република Северна Македонија. Празници за сите граѓани на Р.С. Македонија се:

- 01 Јануари, Нова Година,
- 07 Јануари, Божик
- Велигден, вторниот ден на Велигден
- 01 Мај, Ден на трудот
- 24 Мај, “Св. Кирил и Методиј” Ден на сесловенските просветители
- Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам
- 02 Август, Ден на Републиката
- 8 Септември, Ден на независноста
- 11 Октомври, Ден на народното востание
- 23 Октомври, Ден на Македонската Револуционерна Борба
- 8 Декември, “Св. Климент Охридски”.
- За граѓаните од православна вероисповед:
- 06 Јануари, Бадник, ден пред Божик
- 19 Јануари, Богојавление (Водици)
- Велики Петок, петок пред Велигден
- Духовден, петок пред Духовден
- 28 Август, Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица).

Во Р.С. Македонија се празнуваат и неработни денови се:

- Курбан Бајрам, првиот ден на Курбан Бајрам
- 01 Ноември, празник на сите светци
- 22 Ноември, Ден на Албанската азбука
- 27 Јануари, Свети Сава
- 08 Април, Меѓународен ден на Ромите
- 23 Мај, Национален ден на Власите
- Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур
- 28 Септември, Меѓународен ден на Бошњаците
- 21 Декември, Ден на настава на турски јазик.

## ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА СЛУЖБА

За сите проблеми што ги имате, било лични или во врска со училиштето и учењето разговарајте со психологот и педагогот на училиштето.

## АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА

Сите административни работи треба да се извршат во канцеларијата на секретарот на училиштето.

## УЧИЛИШНА БИБЛИОТЕКА

Училиштето располага со библиотека со утврдено работно време.